*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА ДРАГИ ПАЖИК*
***Бул.1мај 106 а, тел.047/232-456; 070/207-651, e-mail:pazikadv@yahoo.com,***
***бр. на лиценца 0550, електронско сандаче: pazikadv@yahoo.com***
***Корисничко име: DPazik928***

ДО
ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

ТУЖИТЕЛ: Јавно претпријатие ПАЗАРИ Битола
Ул. Коле Неделковски бр., бб, Битола
ЕМБС: 4011252, ЕДБ: 4002991111040,
email: jppazari@t.mk
Овластено лице: Никола Гацоски од Битола,
Ул. Димитар Илиевски Мурато бр., 4/22,
преку полн. Драги Пажик, адв. од Битола,
електронско сандаче: pazikadv@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
Бр. 07 NOV 2023 20 година
Битола

ТУЖЕН: Менан Мусовски од Битола,
Ул. Караорман, бр., 111,
со ЕМБГ: 0407972410031

ОСНОВ: Долг
ВРЕДНОСТ: 9.300,оо ден.

ТУЖБА

На ден 26.01.2023 год., е склучен договор за закуп на продажно место помеѓу тужителот во својство на закуподавач и тужениот во својство на закупец.

Согласно чл. 4 од договорот, предмет на договорот за закуп е категоризирано место на реон 11 под број 49,50 лоцирано во Маас-Пазара на кое што место закупецот ќе продава јужно овошје.

Согласно чл. 5 од договорот, договорот за закуп е склучен со времетраење од 01.01.2023 год., до 31.12.2023 год., и вкупната закупнина изнесува 13.800 ден., со вклучен ДДВ, а согласно чл. 7 од договорот, тужениот презеде обврска закупнината да ја плаќа месечно и тоа најдоцна до 10-тиот ден за месецот за кој се плаќа закупнина.

ДОКАЗ:

- Договорот.

Туениот во два наврати на 16.01.2023 год,. и на 18.01.2023 год., платил вкупно 1.000 ден., на име закупнина, при што останува туженот да должи уште износ од 9.300 ден., на име закупнина за периодот од 01.01.2023 год,. до заклучно со 31.08.2023 год.

ДОКАЗ:

- Картица од 09.10.2023 год,. на тужителот за корисник-тужениот за 2023 год.

Поради горенаведеното, предлагаме судот по изведувањето на доказите да ја донесе следната,

## П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот **СЕ УСВОЈУВА!**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му исплати на тужителот износ од 9.300,оо ден., на име долг со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени, сметано од денот на поднесување на тужбата до исплатата,

Како и да му ги надомести трошоците кои ќе настанат во постапката, сето ова во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

ТРОШКОВНИК:

- Состав на тужба------------------------------------------------------------------------1.000,00 ден.
- Паушал 30%------------------------------------------------------------------------ 300,00 ден.
- Вкупно без ДДВ ----------------------------------------------------------------- 1.300,оо ден.,
- ДДВ 18%---------------------------------------------------------------------------234,00 ден.,
- Судска такса за тужба и пресуда 2х480------------------------------------ 960,00 ден.,

ВКУПНО:----------------------------------------------------------------------------2.494,оо денари.

Во прилог Ви доставуваме полномошно, тековна состојба за тужителот доказ за платена судска такса за тужба, решение за ДДВ обврзник.

За тужителот, полн.

АДВОКАТ
ДРАГИ ПАЖИК
Бул. 1ви Мај бр. 10 Битола
047 232 456; 070 207 651
e_mail: p...yahoo.com
бр. на лиценца 0550